**From:**
**Sent:** Tuesday, September 2, 2025 11:23 AM
**To:**
**Cc:**
**Subject:** Известување по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер број 08-2362/1 од 15.08.2025 година

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
AGJENCIA E ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 08-2362/2
02.09 2025 год.
Скопје-Shkup

Почитувани,

Во однос на Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под Наш број 08-2362/1 од 15.08.2025 година, во кое барате:

1. Записник за спроведување испит за административен службеник број 10-1133/7 од 14.07.2025 година;
2. Записник од спроведување испит и податоци за полагање на испитот за административен службеник на лице бр заведен во Агенција за администрација идентификациски код „3817422“ учесник на Јавен оглас 437/2025;
3. Податоци од видео надзорот при полагање на испитот административен службеник (втора фаза) на лице бр заведен во Агенција за администрација идентификациски код „3817422“ учесник на Јавен оглас 437/2025;

во кој Јавен оглас број 437/2025 Вие сте биле учесник, а барате да Ви бидат доставени со цел за поднесување на тужба поради Ваше незадоволство од наша Одлука по жалба број 09-594 од 31.07.2025 година, Ве известуваме за следново:

Согласно содржината, барањето не може да биде прифатено како Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер во смисла на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/2019), имајќи го во предвид фактот дека информацијата која ја барате е информација од личен интерес.

Во таа насока, Ви укажуваме вашето право да го остварите согласно позитивните законски прописи кои ја уредуваат таа материја.

Ве молиме да го потврдите приемот на оваа електронска порака.

Со почит,

-овластено службено лице